
ОПШТИНА
КРИВА ПАЛАНКА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА
## КРИВА ПАЛАНКА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сѐ што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нѐ враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, соградјанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Со огромна чест и чувство на одговорност ви се обраќам како кандидат за градоначалник на нашата Крива Паланка. Оваа програма што ја држите пред себе, не е само список на ветувања – таа е нашата заедничка визија за иднината на градот и селата во општината.
Крива Паланка има огромен потенцијал – стратешка положба на Коридорот VIII, богата културно-историска традиција, вредни луѓе и неискористени ресурси. Но, за да ја претвориме таа предност во развој, потребна е храбра, одговорна и чесна локална власт која работи во интерес на граѓаните, а не за тесни лични интереси.
Јас и мојот тим ја подготвивме оваа програма водени од три главни принципи:

- Модерна и функционална општина, со развиена инфраструктура и дигитални услуги.
- Економски раст и нови работни места, преку поддршка на бизнисот, инвестиции и развој на локални ресурси.
- Квалитетен живот за сите граѓани, со подобро образование, култура, здравје, спорт и грижа за младите и постарите.

Нашата цел е да изградиме Крива Паланка 2029 – општина која ќе биде модерен, зелен и европски град, гордост за сите нас. Ви ветувам дека ќе работам транспарентно, чесно и посветено. Ќе бидам градоначалник кој ќе биде меѓу луѓето, кој ќе слуша и ќе решава. Заедно можеме да ја претвориме Крива Паланка во место каде младите сакаат да останат, каде семејствата живеат достоинствено, а секој граѓанин се чувствува почитуван.

Да ја вратиме надежта, да ја изградиме иднината!
За силна, успешна и модерна Крива Паланка.

Со почит,
Оливер Алексовски
Кандидат за градоначалник на Општина Крива Паланка ВМРО-ДПМНЕ

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Влатко Ристовски – Носител на листа
2. Слаѓана Вучковска Петковска
3. Александар Рангелов
4. Виолета Станковска Станојковска
5. Александар Давидовски
6. Тања Станковска
7. Добри Јовевски
8. Гордана Стојановска
9. Зоран Цветковски
10. Сузе Стоилковска
11. Ивица Петровски
12. Игор Стојчевски
13. Сашка Ивановска Миленковска
14. Елена Бошковска
15. Томе Атанасовски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## Поставување на ски-лифт на локалитет Калин Камен како дел од туристичко-рекреативен комплекс „Св. Јоаким Осоговски“.

- Проектот има за цел развој на современ туристичко-рекреативен комплекс кој ќе ја обедини културната и духовна вредност на манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ со активниот туризам и зимско-рекреативните содржини на локалитетот Калин Камен. На тој начин Крива Паланка ќе стане регионален туристички центар за културен, верски, планински и зимски туризам. Клучни сегменти на комплексот:
- Развој на урбанистичко-планска документација;
- Изградба и уредување на две ски-патеки и ски-лифт на локалитет Калин Камен;
- Изградба на комунална инфраструктура (водовод, канализација, патна мрежа).

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка и ЈПП, европски фондови.

## Проект: „100.000 евра годишно за спортот во Крива Паланка“.

- Со овој проект ќе дадеме поддршка на спортските клубови, на унапредување и надградба на спортската инфраструктура и мотивирање на младите за активно вклучување во спорт и здрав живот. Ќе обезбедиме буџет за:
- Фонд за формирање и поддршка на фудбалски клуб во голем фудбал;
- Фонд за финансирање спортски клубови и здруженија; За овие активности ќе обезбедиме вкупно 400 000 € во период од 4 години.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Регулација на Дурачка Река и изградба на пристапна улица по левиот брег (од завршеток на ул. „Никола Тесла“ м. в. кај Самсара до Маневски мост во населба Маневци).

- Дурачка Река претставува значаен природен водотек кој минува низ урбаното ткиво на Крива Паланка. Од друга страна, улицата „8-ми Октомври“ е преоптоварена со сообраќај што предизвикува отежнато и небезбедно движење за сите учесници во сообраќајот. Во делот од пешачкиот мост до Маневски мост, по левиот брег, недостасува соодветна инфраструктурна уреденост, што создава проблеми со пристапноста, безбедноста и ризикот од поплави во периоди на обилни врнежи. За наведениот проект има изготвено комплетна техничка документација и содржи:
- Регулација на коритото на Дурачка Река со изградба на потпорни ѕидови, уредување на бреговите и поставување заштитна зелена зона;

- Изградба на нова улица со должина од околу 1,5 km по левиот брег, со стандардна ширина на коловозна лента, пешачки тротоар и улично осветлување;
- Приклучоци кон постојните улици во населбата Маневци за подобра сообраќајна поврзаност;
- Инфраструктурна опременост (атмосферска канализација, инсталации за јавно осветлување);
- Зеленило и јавен простор покрај реката, со можност за хортикултурно уредување.

  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Изградба на ново сообраќајно решение со мост и семафорска раскрсница за поврзување на главната улица „Св. Јоаким Осоговски“ со патниот правец А2 и населбата Бегови Бавчи.

- Сообраќајната инфраструктура во Крива Паланка со години се соочува со проблем на сообраќаен метеж, небезбедни приклучувања и недоволна поврзаност на населбата Бегови Бавчи со централното градско подрачје и патниот правец А2 (Куманово – Деве Баир). Постојното решение претставува ризик за безбедноста на учесниците во сообраќајот, а воедно ја ограничува економската и урбаната динамика на градот. Предложеното решение предвидува:
- Изградба на нов мост преку водотекот на Крива Река, со коловозна ширина од 7 m и тротоари од двете страни;
- Сообраќајно поврзување на улицата „Св. Јоаким Осоговски“ (кај ЈП „Македонија пат“) со регионалниот патен правец А2;
- Регулирана раскрсница со семафори на спојот со А2, со посебни ленти за лево и десно свртување;
- Поврзување на населбата Бегови Бавчи со нова пристапна улица, која директно ќе се вклучи во новото сообраќајно решение;
- Уредување на јавната површина и поставување соодветна вертикална и хоризонтална сигнализација.
- Ова ќе биде трајно решавање на децениските проблем, ќе се олесни сообраќајот во градот, посебно по очекуваната зголемена фреквенција на сообраќај со изградбата на стамбената зграда во непосредна близина на ЈП „Македонија пат“, ќе се зголеми безбедноста, ќе се подобри пристапноста до населбата Бегови Бавчи и ќе се отвори нов коридор за економски и урбан развој.

  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, меѓународни фондови

## Набавка на градежна механизација за одржување на локална патна мрежа во рурални населени места во општина Крива Паланка.

- Со цел обезбедување одржливост и ефикасно управување со локалната патна мрежа, Општина Крива Паланка ќе спроведе проект за набавка на современа градежна механизација. Оваа механизација ќе се користи за редовно и навремено одржување на патиштата во руралните населени места, кои често се оштетуваат поради климатски услови и зголемена употреба. Со тоа ќе се подобри пристапот на жителите до централното градско подрачје, училиштата, здравствените установи и локалните пазари, како и условите за развој на земјоделието и руралниот туризам.
- **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, меѓународни фондови



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Помеѓу многуте компаративни предности кои ги има Крива Паланка е и фактот што низ општината поминува коридорот 8, една од најважните европски транспортни рути. Оваа географска положба наметнува потреба од изградба на соодветна инфраструктура што ќе ја поврзува општината со регионот, ќе овозможи зголемена туристичка атрактивност и ќе овозможи балансиран урбан раст. Унапредувањето на имиџот на локалната заедница како и унапредената и модерна инфраструктура, понуда и услуги во голема мера ќе влијае врз унапредување на квалитетот на животот на локалното население и ќе влијае врз привлекувањето на посетители и туристи. За да се постигнат тие резултати, во следниот период ќе се инвестира во:

## Регионална инфраструктурна поврзаност

- (регионална патна инфраструктура и поврзаност со Источниот регион);

## Урбана инфраструктура

- (инвестиции во подобрување на локалната патна, пешачка и велосипедска инфраструктура, градење на места за рекреација и подобрување на локалниот јавен транспорт);

## Одржлив урбан развој

- (нов одржлив концепт на урбанизација и домување преку креирање на нови решенија за сите граѓани на општина Крива Паланка, повеќе зелени површини, повеќе места за одмор и рекреација за сите возрасти, повеќе места за домашни миленици, пристапна јавна инфраструктура за сите граѓани).

## Патна и сообраќајна инфраструктура

- Модернизација и одржување на локалните патишта, улици и тротоари.
- Повеќе паркинг-места со изградба на втора фаза на катната гаража кај зелениот пазар во Крива Паланка како и изградба на катна гаража – монтажно-демонтажен објект во непосредна близина на автобуската станица во Крива Паланка.
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Изградба на локален пат Крива Паланка до с. Мартиница.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Изградба на локален пат во с. Конопница од м. в. Спас до м. в. Крст во вкупна должина од 2 километри, во фази.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Асфалтирање на локален пат од м. в. Преслап (м. в. Компирара) до село БС во должина од 1 км.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Реконструкција на локален пат во с. Дурачка Река во фази во вкупна должина од 2 км.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Асфалтирање локална патна мрежа - краци (маала Деаданевци, Серафимовци и Суводол) во с. Мождивњак во вкупна должина 1.5 км.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Изградба на локален пат од спој со А2 до Црква во с. Длабочица во вкупна должина од 3 км.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Асфалтирање на локален пат од ул. „Лозановска“ до детското игралиште во вкупна должина од 200 метри и крак кај кошот во должина од 150 метри во населба Лозаново.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Асфалтирање на локален пат во с. Градец од маала Пушкарци, Милевци и Домазетовци до с. Осиче и до спој со регионален пат Крива Паланка – Огут во вкупна должина од 4 км.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Асфалтирање на локален пат во с. Градец од Испосница на Св. Јоаким Осоговски со с. Осиче во вкупна должина од 500 метри.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Изградба на локален пат во с. Градец од м. в. Градечко брдо кон маала Крстовци во должина од 3 км – фаза 1 во должина од 1 км.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Реконструкција и рехабилитација на локален пат во с. Кркља во вкупна должина од 2 км по фази.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Реконструкција во должина од 2 км на постоечки локален пат и изградба на 1 км кон с. Борово.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изградба на локален пат во с. Конопница маала Гражданци во фази, фаза 1 во должина од 1 км.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Реконструкција на локален пат во населба Белево од ул. „Св. Јоаким Осоговски“ до м. в. Брана и доизградба на кракот над м. в. Брана во должина од 100 метри.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изградба на локален пат од патен правец А2 до објект на месна заедница с. Тлминци во вкупна должина од 1,2 км.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изградба на локален пат од с. Огут до с. Нерав во вкупна должина од 3 км по фази.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изградба на локален пат с. Стамболици – маала Крстата падина во должина од околу 1 км.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изградба на локален пат во с. Луке од училиште кон Црква Св. Петка по фази.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Реконструкција на улица „Калин Камен“, санација на свлечиште и изградба на мост и поврзување со улица „8-ми Октомври“.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Санација на свлечиште на улица „Осоговска“ во Крива Паланка.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Разгледување на можности за ослободување од комунална такса за изградба или уредување на паркинг-простор за индивидуални стамбени објекти – куќи во согласност со детален урбанистички план.**

## Подобра сообраќајна сигнализација и урбана мобилност.

- **Изработка на студија и сообраќајно решение за намалување на сообраќајниот метеж во Крива Паланка со партиципативно учество на граѓаните. Сообраќајниот метеж во Крива Паланка, особено во централното градско подрачје и на критичните влезно-излезни точки, претставува сериозен проблем за жителите, стопанството и безбедноста во сообраќајот. Потребно е систематско истражување и долгорочно сообраќајно решение. Овој проект предвидува:**

• Изработка на студија за тековната состојба на сообраќајот, анализи на проток, критични точки и најчести проблеми;
• Партиципативен процес: вклучување на граѓаните, бизнис-заедницата и институциите преку анкети, јавни дебати и работилници за дефинирање на приоритети и предлози;
• Развивање на повеќе сообраќајни сценарија (еднонасочни улици, кружни текови, нови приклучоци, паркинг-решенија, велосипедска мрежа);
• Изработка на финален проектен предлог за сообраќајно решение, со јасни фази на реализација;
• Изработка на план за инвестиции (инфраструктура, сигнализација, улично осветлување, јавен транспорт).

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

# Комунална инфраструктура Стабилен водоводен систем и канализација.

- **Реконструкција на водоводна мрежа во Општина Крива Паланка (замена на азбестно-цементни цевки и приклучување на мрежа на населбите каде што веќе се заменети).**

  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

  Трајно решавање на проблемот со водоснабдување во населба Домачки Дол. Вкупен буџет: 100 000 евра

  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Изградба на водоснабдителен систем во с. Мождивњак.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Реконструкција на канализациона мрежа во населба Домачки Дол.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Ставање во функција на канализационен систем во с. Мождивњак.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка / ЈП „Комуналец“

- **Решавање на проблем со водоснабдување во с. Конопница (м. в. Вирови-Грамаѓе) преку изградба на водоводна мрежа во должина околу 5,5 км.**

  **Извор на финансирање:** Министерство за животна средина и просторно планирање

- **Изградба на канализациона мрежа од Маневски мост до с. Дурачка Река.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка / ЈП „Комуналец“

- **Енергетска ефикасност – поставување на LED-улично осветлување, соларни панели.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Управување со отпад – селекција, рециклирање и преработка на комунален отпад.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Урбанистичко уредување

- **Нови урбанистички решенија за станбени, индустриски и туристички зони.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изградба и формирање на нови зелени површини, паркови, детски игралишта и спортски терени низ целата општина.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Реконструкција, надградба и опремување на градска капела на старите градски гробишта.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Расчистување на сите гробишта во рурални населени места во соработка со ЈП „Комуналец“ од Крива Паланка.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Заштита и спасување

- **Набавка на нова заштитна опрема за ТППЕ.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, донации
- **Пренесување на ТППЕ во просториите на некогашната касарна во Општина Крива Паланка.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Формирање на противпожарен сојуз во Општина Крива Паланка.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Организирање на обуки за ученици и локално население за заштита и превенција од пожари.**
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

- **Изработка и ревизија на Стратегија за локален економски развој на Општина Крива Паланка за периодот 2025–2029 година;**
- **Изработка на локален план за вработување на Општина Крива Паланка за периодот 2025–2029 година;**
- **Поддршка на иновации и претприемништвото, со формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, креирање на хаб-центар за фриленсери;**
- **Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП преку инфраструктурен развој, континуирана комуникација и информирање на бизнис-заедницата за актуелни трендови и можности за пристап до капитал и промоција на локалното производство и услуги;**
- **Локална стратегија за промоција на можностите за инвестиции;**
- **Поддршка на занаетчиството и малите локални бизниси;**
- **Развој на земјоделството и органското производство (анализа на можности и одредување на локални стратешки производи и култури).**
- **Укинување на надоместокот за користење на продажно место на зелениот пазар за локални производители од страна на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## Реконструкција и модернизација на општинските основни училишта „Св. Јоаким Крчовски“ и „Илинден“

- како и средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ и ОЈУДГ „Детелинка“ преку реализација на проекти за подобрување на енергетската ефикасност на објектите, енергетската независност, подобрување на безбедноста на училиштата и условите за одвивање на настава.
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Проект „Безбеден пат до училиште“:

- адаптација на тротоари, обележување на велосипедски патеки и маркирани пешачки премини околу општинските основни училишта „Св. Јоаким Крчовски“ и „Илинден“ како и средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ и ОЈУДГ „Детелинка“ со цел лесен и безбеден пристап до училиштата.
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Петдневен одмор за 50 ученици од основните училишта

- од 6-9 одделение и средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ кои се издвојуваат во постигнатиот успех во текот на учебната година и имаат освоено награди од натпревари
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Реализација на проекти и активности за рана превенција од врсничко насилство и малолетничка деликвенција.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Формирање на Центар за млади и креативност.

- Проектот предвидува целосна реконструкција на објектот над ЕУ-Куќа и Служба за водење на матични книги и негова пренамена во центар за млади и креативност. Објектот се предвидува да биде енергетски ефикасен и т.н. енергетски автономен објект со намена на вториот кат центар за млади во кој ќе биде сместена канцеларијата на Совет на млади на Општина Крива Паланка, а останатите простории ќе бидат наменети за здруженија на граѓани, културно-уметнички друштва и други субјекти од креативните индустрии. Останатиот дел од објектот ќе биде наменет во центар за развој на младински бизнис-идеи во кој ќе можат да бидат сместени стартапи од сферата на ИТ и други креативни дејности.
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЕУ-фондови


Lorem ipsum dolor sit amet

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Уште една од стратешки важните предности на Општина Крива Паланка е што низ општината поминува и клучна дигитална (оптичка) инфраструктура која претставува важен предуслов за локалниот развој. Овие проекти ќе бидат реализирани од буџетот на општината, а опфатени ќе бидат следните проекти:

## Е-СЕДНИЦИ НА СОВЕТ.

- Во идниот период се предвидува да бидат воведени целосно електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа, ќе воспоставиме електронски Службен гласник на општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

## Е-СИСТЕМ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА РЕСУРСИ.

- Во соработка со Владата, ќе воведеме унифицирана софтверска платформа за планирање на ресурсите во општината, интегрирана со трезорот и државното буџетско планирање. Оваа платформа, која ги интегрира и автоматизира клучните деловни процеси и податоци во смисла на материјалното и финансиско работење, ќе обезбеди унифицирано планирање на приходите и расходите, правилно буџетирање, поефикасна работа на општината, точни и навремени податоци за работата на општината и оптимизација на трошењето на средствата.

## Дигитална инфраструктура

- (проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен Wi-Fi, планирање, реконструкција и адаптација на локалната инфраструктура со цел проширување на оптичката мрежа);

## Дигитални услуги и дигитална општина

- Е-општина 24/7 – воведување на целосно дигитални услуги (барања, потврди, пријави) достапни онлајн, без чекање на шалтер.

## Е-плаќање

- можност за онлајн-плаќање на комунални такси, даноци и други услуги.

### Хаб (центар) за стартапи и иновации

- простор каде младите и локалните ИТ-ентузијасти можат да развиваат идеи и апликации и да реализираат бизнис-идеи.

### Уредување на простор и програма за престој и работа на т.н. дигитални номади.

### Создавање на можности за уредување на технолошки парк / co-working центар:

- со стабилна оптичка мрежа, општината ќе привлече млади претприемачи, програмери, ИТ-стартапи и аутсорсинг-компании.

### Поддршка на freelancing и remote work:

- создавање услови (простории, обуки, програми) за локалното население да работи онлајн за странски компании.

### Програми за дигитална писменост:

- обуки за млади и возрасни за ИТ-вештини, е-трговија, дигитален маркетинг и користење на вештачка интелигенција.

### Проект „Младинско радио Крива Паланка“

- Разгледување на можности за основање на локално радио како јавен сервис на граѓаните за информирање, едукација и забава. Радиото ќе има информативна, културна, образовна и забавна програма, ќе промовира локални настани, млади таленти и општински проекти, и ќе биде платформа за граѓански дијалог. Еден од најважните аспекти на овој проект е тоа што во недостиг на локален медиум, ќе придонесе кон зголемување на транспарентноста на општината како и промоција на локалната туристичка понуда, култура и спорт. Основањето на локалното радио со цел задржување на независноста и непристрасноста во јавното информирање ќе биде пренесено на друг субјект и ќе се одвива во фази. Првата фаза во форма на интернет-радио, а потоа и соодветна регистрација и радиофреквенција.
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## Проект доизградба на спортската сала кај „Мотел Македонија“.

- Проектот предвидува довршување на градбата на спортската сала со површина од 1321 метар квадратен, лоцирана кај поранешниот „Мотел Македонија“ на влезот на Крива Паланка и пренамена во мултифункциска сала која што се предвидува да биде опремена со системи за ладење и затоплување што ќе овозможи користење во текот на целата година. Мултифункциската сала ќе служи не само за спорт и спортски активности, туку и како простор за одржување на концерти, културни настани, саеми, конференции и слично.
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЕУ-фондови

## Поставување на систем за затоплување и ладење на спортска сала „Бранители 2001“

- (соларни панели, термални пумпи со комплет инсталација) со цел овозможување на користење во текот на целата година.
  **Извори на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЕУ-фондови

## Ставање во функција на градскиот базен во Крива Паланка.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Унапредување на програмите за поддршка на спортските клубови и здруженија

- преку разгледување на можности за воведување на финансирање по лице и според постигнат резултат.
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Финансиска поддршка за спортисти за учество на реномирани национални и меѓународни натпревари.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Воведување на спортски ваучер за индивидуални спортисти.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Разгледување на можност за воведување на спортски

**ваучер за ученици во основно образование.**
**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Организирање на спортски настани за промоција на спортот и здравите навики**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Воведување на нетрадиционални спортови и други олимписки дисциплини.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Изградба, уредување и обележување на пешачки и велосипедски патеки во урбани и рурални населени места.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Мапирање и обележување на планинарски патеки.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Мапирање и обележување на велосипедски патеки за планински велосипедизам.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Поддршка за сојузот на училишни спортови.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Уредување на спортски комплекс во Крива Паланка, изградба на трибини на фудбалско игралиште.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Изнаоѓање на локација и изградба на детско и повеќенаменско спортско игралиште во населба Домачки Дол.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

- **Изградба на главен колектор и пречистителна станица за прочистување на отпадни води на Крива Река во фази.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Регулација на речно корито на Крива Река на делот од населба Бегови Бавчи до поранешна фабрика „Карпош“ во вкупна должина од 200 метри.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изработка или ревизија на Локален еколошки акционен план 2025–2029 година.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изработка на студија за заштита на водотеците на територијата на Општина Крива Паланка со акцент на заштита на биодиверзитетот.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изработка на физибилити-студија и решавање на проблемот со активните свлечишта на територијата на Општина Крива Паланка и преземање на превентивни мерки за спречување на нови свлечишта.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изработка и донесување на зелен катастар на Општина Крива Паланка и изработка и спроведување на план за озеленување.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЕУ-фондови
- **Воведување систем за селекција на отпад (пластика, хартија, стакло, биоотпад).**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Подобрување на јавната хигиена со повеќе контејнери и модерни еко-корпи не само во урбаните населени места туку и во приградските населени места.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Кампањи за едукација на граѓаните за одговорно управување со отпад и превенција од диви депонии.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Поттик за граѓаните и бизнисите да користат соларни панели преку субвенции и јавни повици.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Решавање на проблемот со кучињата-скитници (изградба и воспоставување на стационар).**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЈПП

- **Организирање јавни трибини и работилници за правилно чување и грижа за миленици.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Обука и информативни брошури за стерилизација, регистрација и вакцинација.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Јавна медиумска кампања: „Одговорен сопственик - здраво милениче“.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

- **Формирање на туристичко биро.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Засилена промоција на локалната туристичка понуда.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изработка на интегрирана туристичка понуда за сите сезони на ниво на СИПР и прекуграничниот регион.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Реконструкција и преадаптација на објект „Манастирски Ан“ во туристичка инфо-точка во соработка со НУЦК Крива Паланка.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЕУ-фондови, МКТ
- **Конкурс за избор на сувенири на Крива Паланка.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Одржување и надградба на постоечки туристички знаменитости од природното и културното наследство на Општина Крива Паланка.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЕУ-фондови
- **Примена на современи алатки за (дигитална) промоција на локалната туристичка понуда.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Изработка на студија, уредување на простор и создавање на предуслови за развој на т.н. аутлет-туризам во близина на граничниот премин Деве Баир.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Реконструкција и преадаптација на караулите преземени од АРМ со примена на моделот на јавно-приватно**

**партнерство и ставање во функција на развој на туризмот.**
**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Изработка на студија, реконструкција и преадаптација и примена на модел на јавно-приватно партнерство на објекти во општинска сопственост и нивно ставање во функција на развој на руралниот туризам.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Изработка на студија, уредување на простор и развој на комунална инфраструктура за Изградба на современ паркинг и мини-камп простор за кампери и трејлери, со основни содржини за престој и одмор на туристи кои транзитираат низ општината или сакаат да ја посетат.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Во областа на културата, ќе ги реализираме следните проекти:

- **Реконструкција и преадаптација на објект на НУЦК Крива Паланка во фази.**
- **Возобновување на рок-фестивалот „Џои-фест“.**
- **Формирање на општински хор и општински оркестар.**
- **Избор на химна на Општина Крива Паланка.**
- **Поддршка за талентирани уметници во форма на набавка на музички инструменти, потрошни материјали или покривање на трошоци за престој и патување за учество на реномирани настани и манифестации.**

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

- „Крива Паланка – Европски град со отворени хоризонти“
- Зајакнување на капацитетите за апсорпција на средства по проекти финансирани од ЕУ;
- Продлабочување на соработката со збратимените градови;
- Активно учество во рамки на програмите за прекугранична соработка на ЕУ;
- Европска мрежа на млади
- Размена на ученици и студенти со европски градови;
- Летни кампови и волонтерски програми за младите од Крива Паланка;
- Поддршка на „Еразмус+“ и млади претприемачи.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## Реконструкција и преадаптација на задружен дом во с. Жидилово

- со намена за сместување на социјално ранливи семејства, стари лица, жртви на семејно насилство, лица кои го изгубиле домот поради несреќа, деца без родители.
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЕУ-фондови

## Формирање на општински фонд за социјална заштита

- наменет за лица во социјален ризик, лекување во странство, долготрајно лекување, поддршка на лица со ретки болести, санација на последици предизвикани од несреќи или елементарни непогоди.
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Поддршка на деца од социјално ранливи семејства

- преку училишни оброци, ваучер за учество во спортски активности во спортски клубови и здруженија како и стипендии.
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Поддршка и промоција на моделот на згрижувачки семејства.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Поддршка и унапредување на грижата за стари лица во домашни услови.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

## Зголемување на еднократна парична помош

- за прво дете 6000 денари, за второ 10000 денари и за трето дете 20000 денари во едно семејство за сите деца родени во текот на годината со место на живеење во Општина Крива Паланка.
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЕУ-фондови, МКТ

## Зголемување на висината на еднократна парична помош за лица со попречености.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

- **Зголемување на висината на еднократна парична помош за лица во социјален ризик.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка
- **Реконструкција и преадаптација на крило од „Ученички дом Боро Менков“ и преадаптација во дом за стари лица.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, ЕУ-фондови
- **Инвестиции за подобрување на условите за престој во дневниот центар за лица со попречености.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка, странски донаторски програми
- **Реализација на проект: „Одмор за деца од социјално ранливи семејства“.**
  **Извор на финансирање:** Буџет на Општина Крива Паланка

# КРИВА ПАЛАНКА – ИНКЛУЗИВНА ОПШТИНА НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

Нашата визија е Крива Паланка да биде општина во која секој граѓанин, без разлика на пол, возраст, етничка припадност, социјален статус или попреченост, ќе има еднакви можности за развој и достоинствен живот. Ќе реализираме проекти за:

- **Зајакнување на улогата на жените и младите во локалниот развој преку програми за поддршка за женско претприемништво преку грантови и обуки и Локален центар за кариера и обука.**
- **Инклузија на лицата со попреченост и реализација на проект „Крива Паланка, пристапна општина“ со кој ќе се овозможи целосна пристапност до јавната инфраструктура за лица со попреченост (рампи, лифтови, тактилни патеки).**

- **Намалување на социјалните нееднаквости и диспаритетот помеѓу граѓаните од руралните и урбаните населени места.**
- **Создавање на еднакви можности за сите граѓани во јавниот и приватниот сектор.**

# СИЛНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО – ПОСИЛНА КРИВА ПАЛАНКА

Веруваме дека вистинската сила на една општина лежи во активните граѓани и здруженија. Крива Паланка ќе стане пример за современа општина која соработува со граѓанскиот сектор, им дава поддршка на младите, на здруженијата и на активните граѓани кои со својот ентузијазам и идеи ја движат заедницата напред. Во таа насока предвидуваме:

- **Зголемена поддршка за здруженијата на граѓани.**
- **Активности за јакнење на капацитетите на граѓанскиот сектор.**
- **Партиципативно учество на граѓаните во изготвувањето на буџетот на општината и годишните оперативни програми.**
- **Формирање на НВО-Совет на Општина Крива Паланка.**
- **Формирање на Волонтерски центар „Крива Паланка“ со чие што учество ќе се организираат младински акции, еко-акции, културни и спортски манифестации со волонтери.**

ВМРО-ДПМНЕ